Република Северна Македонија
Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI MADHOR
ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ
ТЕАТРИ I FËMIJËVE DHE I TË RINJVE - SHKUP
Бр./No. 01-467/1
22.10.2021 год
Скопје/Shkup

Н.У. ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СКОПЈЕ • Р.С. МАКЕДОНИЈА •

ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА НА НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ

според препораките на Владата на РСМ, Министерството за Култура, Центарот за јавно здравје - Скопје и Општиот Протокол за организирање настани од Службен весник број 234 од 15.10.2021 година

1. Општи правила

- **Секој вработен и посетител во објектот на ТДМ мора да се придржува кон пропишаните протоколи**

- **Дезинфекцијата на објектот ќе се врши на следниов начин:**

- **Во апаратите за дезинфекција на раце ќе се користи *Ecosal forte* - (не се раствора) Алкохолно средство за брза дезинфекција;**
- **Административниот дел и службениот влез ќе се дезинфицираат 2 пати во текот на денот и тоа пред почеток на работното време и на крај на работното време со *Dezental 5%* (во 2l пумпа полна со вода 50ml средство);**
- **Тоалетите во административниот дел ќе се дезинфицираат 2 пати во текот на денот и тоа пред почеток на работното време и на крај на работното време со *Dezental 5%* (во 2l пумпа полна со вода 50ml средство);**
- **Тоалетите за публика ќе се дезинфицираат 2 часа пред почетокот на претставата 2 и по завршеток со *Dezental 5%* (во 2l пумпа полна со вода 50ml средство) и ќе биде видно истакнат список со потпис кој го извршил дезинфицирањето;**
- **Влезот на театарот (делот кај билетарницата), салата за публика (гледалиштето) и фоајето на театарот ќе се дезинфицираат пред почетокот и по завршеток на претставата со *Dezental 5%* (во 2l пумпа полна со вода 50ml средство) и со ултравиолетови лампи за дезинфекција и уништување на бактерии.**
  После извршената дезинфекција во рок од 30 - 60 минути не треба да влегува никој во салата;
- **Гримиорните на актерите, шминкерницата, реквизитата и сцената ќе се дезинфицираат пред и после секоја проба и претстава со *Dezental 5%* (во 2l пумпа полна со вода 50ml средство). После извршена дезинфекција пред и после проба и претстава во рок од 30 - 60 минути не треба да влегува никој во просториите;**
- **Реквизитата ќе се дезинфицира пред секоја проба и претстава и на крајот со Ecosal forte - (не се раствора) Алкохолно средство за брза дезинфекција**
- **Костимите на актерите ке ги дезинфицираат гардероберите пред проба,пред претстава и после проба и после претстава со Dezental 0,2% (не се раствора)**
- **Дезинфекцијата на објектот ке ја врши тим од НУ Театар за деца и младинци - Скопје по пропишаните протоколи и одобрени од страна на Центарот за јавно здравје,Скопје**

- **Според општите правила за реализација на настани треба да се искористат само 50% од капацитетот на салата која е со 112 седишта**
- **Да се оддржува претстава без пауза**
- **Се забранува задржување при влез и излез во фоајето освен за организираните групи**
- **Претставите треба да траат до час и половина**
- **Претставите да бидат со помал број на актери и да се оддржува дистанца на сцена таму каде што може а на куклените претстави да се игра со визири или маски по потреба**
- **претставата за најмали (1+) каде публиката би била на сцена пожелно носење на визири за актерите а децата со по еден родител со маски**
- **Вентилацијата во објектот ќе биде со природно проветрување преку отворање на врата за излез на отворено**
- **Протоколот за реализација ќе го објавиме јавно на веб страницата на ТДМ и на огласната табла во театарот со цел навремено информирање на посетителите и учесниците во настанот за правилно следење на протоколите**

2. Протокол за службен влез

- Задолжително носење маска на влез и во објектот
- Поставување на дезинфекциона бариера за обувки
- Мерење температура на секој што ке влезе вклучувајки и вработен и надворешни соработници
- Доколку се покаже температура над 37 с не се пушта да влезат
- Анкетирање и потпис на секој вработен
- На самиот влез е поставено дезинфекционо средство
- Има јасно и видно истакнато известување за придржување на мерките од Комисијата за заразни болести

3. Протокол за билетара

- Поставени и означени места за чекање ред пред билетарата
- Билетопродавачот работи со заштита (маска и ракавици)
- Билетите се продаваат online и на билетара (после секоја продажба на билет да се направи дезинфекција на раце)
- Персонализирање на продадените билети, односно регистрација при купување на билетите (име и презиме, контакт телефонски број)
- Пред билетарата на ТДМ да се одржува дистанца од 2 метра помеѓу купувачите

4. Протокол за распоредители

- Распоредителите работат со заштита (маска, ракавици и визири)
- Кога почнува претставата сите врати од салата повторно се отклучуваат поради безбедност
- Пред крајот на претставата се заклучува главен влез а се отвора вратата за излез на публика (која води на паркингот „Пелистер“)
- Распоредител стои кај вратата од салата (која води на паркингот „Пелистер“) за да им кажува на посетителите од каде е излезот
- Кај тоалетот има по еден распоредител на почеток и на крај на претставата за да нема задржување и се пушта по 1 посетител

5. Протокол за публика

- Задолжително носење маска на влез и во објектот
- Поставување на дезинфекциона бариера за обувки
- На самиот влез е поставено дезинфекционо средство
- Има јасно и видно истакнато известување за придржување на мерките
- Мерење температура на секој посетител
- Доколку се покаже температура над 37 с не се пушта да влезе
- Влезот е еден придружник со дете во фоајето со максимално придржување на растојание од 1.5 до 2 метра од останатите
- На влезната врата за публика во сала има по 1 распоредител и се пушта по 1 посетител со дете
- Гардеробата е затворена (секој посетител ке мора да си ја земе со себе и да ја стави на местото слободно до него)
- Излезот од сала е на принцип 1 посетител со дете со максимално придржување на растојание од 1.5 до 2 метра од останатите
- **Посетителите да поседуваат Сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина против заразната болест КОВИД-19.**

6. Протокол за помошно-технички персонал

Работата на помошно-техничкиот персонал ќе се одвива организарана во смени и со формирање на независни екипи со што во целост ќе се обезбеди непречена работа на театарот преку комплетно независни работни процеси.

Проби и претстави

Термини за проби во работни денови и викенди ќе се одржуваат најмногу во времетраење од 5 часа со паузи.

Пробите/претставите ќе се организираат според следните правила:

- Општо-техничките служби ќе ги подготват и извршат сите потребни активности најмалку еден час пред почеток на пробата или претставата.
- Членови од техничката екипа задолжена за пробите и изведување на една претстава нема да можат да учествуваат во екипа за други проби и претстави кои би се изведувале во истиот период.
- Екипата ќе се смета за расформирана по истеток на 10 дена од последниот заеднички работен термин.
- Не се дозволени т.н. индивидуални замени помеѓу одредени членови на различни технички екипи.
- За времетраење на пробата/претставата нема да им биде дозволен влез на вработени кои не се членови на ангажираната екипа.
- Во контролните кабини за тон, светло и видео не е дозволено присуство на повеќе од едно лице од одредената дејност со маски (визири по избор).
- За времетраење на пробите/претставите за време на викендите, влезот во театарот ќе се организира со дополнителна смена за мерење на температурата и евиденција на влезот на вработените.
- Секој сектор е задолжен за рачна дезинфекција на својата техничко-технолошка опрема, реквизитите, сценографијата, костимите и друго.
- Гардеробата ќе се доставува до гримиорните пред актерите да влезат во објектот. Се препорачува актерите сами да ја облекуваат и да побараат асистенција само при подготовка на покомплицирани костими. Се препорачува (во соработка со режисерот) да се избегнуваат т.н. брзи промени за кои е потребна таква асистенција за време на претставата.
- Индивидуализираните комплети за шминкање ќе бидат доставени до гримиорните пред актерите да влезат во објектот. Се препорачува актерите сами да ја нанесуваат шминката и да побараат непосредна асистенција само во исклучителна ситуација.
- Техничкиот персонал кој има непосреден контакт со актерите покрај задолжителните маски за уста ќе носи и визири.

- Непосредно пред почетокот како и за времетраење на претставата, актерите ќе бидат ослободени од обврската за носење маска освен во куклените престстави каде што ќе се носат визири по потреба.
- Сите промени во личната здравствената состојба или онаа на останатите членови од екипата за време на пробите и претставите, веднаш да се пријават на Инспициентот или Инспициентот - асистент.

Одговорни лица :

1. Одговорно лице за распоредители, билетара и публика – Убавка Весова
2. Одговорно лице за актери и помошно технички персонал, инспициенти што ги водат претставите : Ѓуро Дракулоски и Ирена Глигороска

Директор
Катарина Илиевска Силјановска